# ‚Знам еден збор кој, ако го изговори, ќе му го отстрани тоа што го чувствува. Ако рече: Еузу биллахи минеш-шејтанир раџим (Барам прибежиште кај Аллах од проклетиот шејтан), ќе му помине тоа што го чувствува.‘

Сулејман бин Сурад, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Бев седнат со Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кога двајца луѓе почнаа жестоко да се расправаат и да се навредуваат. Лицето на едниот поцрвене, а жилите на неговиот врат се надуја. Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Знам еден збор кој, ако го изговори, ќе му го отстрани тоа што го чувствува. Ако рече: Еузу биллахи минеш-шејтанир раџим (Барам прибежиште кај Аллах од проклетиот шејтан), ќе му помине тоа што го чувствува.‘ Па му рекоа: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Побарај прибежиште кај Аллах од шејтанот‘, а тој одговори: ‚Зарем сум јас луд?‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Двајца луѓе се расправаа и навредуваа еден со друг пред Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кога лицето на едниот поцрвене, а жилите на неговиот врат се надуја. Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Знам еден збор кој, доколку овој разгневениот го изговори, ќе му помине гневот. Ако рече: ‚Барам прибежиште кај Аллах од проклетиот шејтан‘, ќе му исчезне гневот.“ Тогаш му рекоа: „Значи Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Побарај заштита кај Аллах од шејтанот.‘“ Па тој одговори: „Зарем сум јас луд?“, мислејќи дека само оној кој е погоден од лудило бара заштита од шејтанот.